ЦЕФТА ПРЕТСТАВУВА ДОГОВОР ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА КАДЕ ДОГОВОРНИ СТРАНИ СЕ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, АЛБАНИЈА, СРБИЈА, БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА, КОСОВО, ЦРНА ГОРА И МОЛДАВИЈА.

1. Трговија

Трговската политика што се применува од телата во земјите членки на ЦЕФТА врз основа на ЦЕФТА-договорот и нивните билатерални договори за слободна трговија со другите трговски партнери обезбедуваат значително ниво на отвореност во трговијата во ЦЕФТА. Трговијата со стоки е либерализирана и степенот на трговската отвореност кај земјите членки е многу висока. Паралелно, за време на преговорите на дополнителниот Протокол 6 кон ЦЕФТА-договорот, постигнато е значително ниво на либерализација на трговијата со услуги.

Земјите членки на ЦЕФТА треба да ги применат овие активности според областите од Акцискиот план во областа на трговската политика со цел да се исполни целта за создавање регионална економска област во Западен Балкан врз основа на почитувањето на условите на ЕУ за поддршка на напорите за привлекување повеќе инвестиции, намалување на трошоците за трговијата и елиминирање на бариерите за пристап на пазарот со цел да се оптимизираат трошоците за производство. Целта на оваа активност е да се претвори регионот во област каде што стоките, услугите и инвестициите и обучените работници треба да се движат слободно без плаќање царини, квоти или други непотребни бариери, каде што трговијата е олеснета на повисоко ниво од правилата на СТО со цел признавање на сите гранични документи, онаму каде што може да се примени.

Секретаријатот на ЦЕФТА треба да продолжи да ги мониторира нецаринските мерки низ целиот регион. Со цел да се постигне тоа, секоја година ќе се изработува годишен извештај што треба да ги содржи главните пречки во трговијата. Во извештајот треба посебно да се содржани постоечките препреки со кои се соочуваат компаниите и нарушувањата во трговијата што ги пријавиле компаниите во регионот.

Во рамките на регионалната економска област важна улога треба да има приватниот сектор во систематското набљудување на нецаринските мерки во трговијата со услуги, каде што Инвестицискиот форум на стопанските комори од Западен Балкан треба значително да придонесе за подобрување на постоечката структура. Исто така е предвидено понатамошно продлабочување на соработката во областа на решавањето на спорови, олеснување на трговијата, либерализацијата на трговијата со услуги, електронска трговија, движење на високообучен кадар, создавање атрактивна регионална област за привлекување странски инвестиции, целосна кумулација на потеклото на стоките и можност за враќање на увозните давачки.

Практично со целосното воспоставување на регионалната економска област треба да се постигне еден вид заеднички единствен пазар каде што движењето на стоките во рамките на земјите членки на ЦЕФТА ќе биде значително олеснето бидејќи транспортните средства треба да ги минуваат границите без никакви задржувања и чекања. Ова треба да се постигне преку следниве активности што се наведени во консолидираниот повеќегодишен акциски план: зајакнување на механизмите за набљудување и спроведување на законите, меѓусебно прифаќање на сите гранични документи, воведување на концепт за регионални овластени економски оператори, создавање заеднички платформи за размена на податоци меѓу сите гранични агенции. Слободното движење на стоките во рамките на регионалната економска интеграција треба да се постигне и преку подобрување на заеднички профили на ризик на

царинските органи и другите гранични органи, заедничко управување со анализа на ризикот и создавање заеднички гранични премини, потоа преку развој на заедничка соработка и меѓусебно признавање на документите што ги издаваат телата за надзор на пазарот во рамките на ЦЕФТА.

Регионалната економска област треба да биде дел на паневромедитеранската зона на кумулација на еднаква основа за сите договорни страни каде што треба да се применува целосна кумулација на потеклото на стокит, со додавање производствени операции наместо надополнување со потеклото на стоките, што како крајна цел треба да овозможи подобри услови за добивање статус на потекло на стоките.

Во рамките на регионалната економска област предвидена е анализа на потенцијалното приближување на царинските стапки од царинските тарифи на земјите членки на ЦЕФТА со царинските стапки на заедничката царинска тарифа на Европската Унија, елиминирање на дискриминаторските практики во постапките на јавните набавки и постојано мониторирање на нецаринските бариери во трговијата со стоки и со услуги.

2. Инвестиции

Поголема регионална хармонизација на инвестициските политики претставува значителен потенцијал за економиите на Западен Балкан во развојот на потенцијалот за раст, создавањето нови работни места и економска конвергетност со ЕУ и повисок раст. Постои значителен потенцијал за забрзување на регионалната економска интеграција во сите држави на Западен Балкан преку создавање агенда за регионална инвестициска реформа. Отстранувањето на бариерите за регионални инвестиции овозможува можност за економии на обем, географски диверзификувани бизниси и севкупно поефикасна алокација на ресурсите во рамките на регионалниот пазар и на тој начин постигнување забрзување на интеграцијата на компаниите од регионот во меѓународниот вредносен синџир. Покрај тоа, земјите од Западен Балкан се обврзаа да создадат и да имплементираат регионална инвестициско-реформска агенда што треба да води кон поголема хармонизација на регионалните инвестициски политики, што се усогласени со стандардите на ЕУ и меѓународните стандарди и да придонесат за значителни нови можности за приватниот сектор.

Примената на агендата за инвестиции треба да придонесе за побрз развој на економиите на Западен Балкан и да ги поттикне стратегиите за економски развој поврзани со т.н. „паметен раст“ што се базира на знаење и на иновации, со употреба на искуството на ЕУ и платформи за паметни специјализации, зелен раст, развој на вредносните синџири, трансфер на технологијата и изградба на дигитална економија што се базира на знаење.